Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на дел од дневни настани 08.05.2023

На 07.05.2023 во 21.40 часот во гостиварски Градец, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода 29-годишниот Б.Х. од ова село. Тој се сомничи дека околу 20.00 часот во спортска обложувалница во селото со закана со остар предмет одзел пари од вработените и оштетил дел од инвентарот во објектот. Тој бил задржан во Полициската станица Гостивар и по целосно документирање на случајот против него ќе следува поднесок.

На 07.05.2023 околу 16.00 часот, полициски службеници од ЕВР Чаир го лишиле од слобода Ш.Р.(62) од Скопје. Тој се сомничи дека околу 09.20 часот во спортска обложувалница на ул.„Натанил Кучевшки" во Скопје физички ја нападнал вработената и одзел пари. Тој бил задржан во полициска станица и од него биле одземени предмети за кои постои сомнение дека се поврзани со делото. По целосно документирање на случајот, во координација со јавен обвинител, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.05.2023 во 23.20 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Д.А.(29) од Куманово. Тој се сомничи дека на 13.04.2023 од чанта во такси возило одзел предмети. Со него бил приведен и Т.Б.(42) од Куманово бидејќи кај двајцата биле пронајдени и одземени истите предмети. Тие биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе следуваат соодветни пријави.

На 07.05.2023 во Секторот за внатрешни работи Тетово, во присуство на родители, претставници од Центарот за социјални работи и адвокат за малолетници, бил извршен службен разговор со нет малолетници од Тетово. Тие се сомничат дека на 05.05.2023 околу 22.50 часот на улица „Борис Кидрич" во Тетово физичките нападнале четири малолетници од Тетово. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.05.2023 во 16.00 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода С.Р.(26) од Куманово. Тој бил баран по централна потерница врз основа на судска наредба за издржување на затворска казна за сторено кривично дело по член 383 од Кривичниот законик. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор К'шаље за издржување на казната.

На 08.05.2023 околу 01.20 часот, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 31-годишниот тетовец Л.Х. затоа што кај него бил пронајден и одземен оружје и затоа што претходно агресивно се однесувал во домот. Л.Х. бил задржан во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот ќе му биде изготвен соодветен поднесок.

На 08.05.2023 во 00.05 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.М.(20) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 08.05.2023 во 01.10 часот на подрачјето на Ѓорче Петров, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишиле од слобода малолетник од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 07.05.2023 во 19.00 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници го лишиле од слобода Ј.С.(18) од Швајцарија затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 07.05.2023 во 21.15 часот на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода И.М.(20) од Скопје затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и грутеста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 07.05.2023 во 13.20 часот во с.Аџиатовци, скопско, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.П.(21) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (07.05.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционираше се 396 возачи. Од нив четири возила се движеле со брзина над 70 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа, 182 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 214 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (07.05.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 179 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 102 санкции, 12 мерки за управување возило под дејство на алкохол, 14 мерки за возење без возачка дозвола. Изречени се две санкции за технички неисправни и нерегистрирани возила, пет мерки за минување на затворен сигнал (црвено светло)....

На 07.05.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 20 прекршоци, од кои 12 надвор од населено место и 8 во населено место. Санкционирани биле и 16 други видови на прекршоци, од кои 9 за управување возило без возачка дозвола, 3 за возач почетник, 1 за управување возило под дејство на алкохол, 1 за некористење сигурносен појас, 1 за неносење заштитна кацита и 1 за непропишно паркирање.

На 07.05.2023 во 15.20 часот во СВР Куманово било пријавено дека на автопатот Скопје–Тетово, во атар на с.Арнакија, патничко моторно возило „Фиат" со струшки регистарски ознаки, управувано од А.С.(49) од с.Лабуништа, струшко, удрило во А.С.(31) од с.Јурумлери, скопско. Од здобиените повреди наместото починал пешакот А.С., а смрт констатирал лекар од Итна медицинска помош. Извршен бил увид од Јавен обвинител и увидна екипа од СВР Скопје.

На 07.05.2023 околу 23.10 часот во СВР Куманово било пријавено дека на булеварот „Октомвриска Револуција" во Куманово, патничко моторно возило „ауди" со кумановски регистарски ознаки, управувано од М.Ј.(20) од Куманово, удрило во малолетен пешак. Во несреќата малолетничката се здобила со тешки телесни повреди констатирани во Општа болница Куманово. Екипа од СВР Куманово извршила увид на местото на несреќата.

На 07.05.2023 околу 23.00 часот во СВР Куманово било пријавено дека на крстосница од регионален пат Куманово-Св.Николе со крак од ул.„42" и ул.„400" во Куманово се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „ауди" со кумановски регистарски ознаки, управувано од С.И.(34) од Куманово и мотоцикл „сузуки", управуван од М.С.(18) од Куманово. Во несреќата мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Општа болница Куманово. Екипа од СВР Куманово извршила увид на местото на несреќата.

На 07.05.2023 во 09.58 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул.„Александар Македонски" во Скопје, Д.С.(45) од Скопје, управувајќи мотоцикл со скопски регистарски ознаки, изгубил контрола и излетал од патот. По несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 07.05.2023 во 16.30 часот во СВР Штип било пријавено дека на регионалниот пат Штип-Кадрифаково, патничко моторно возило „ниса" со штипски регистарски ознаки, управувано од И.А.(67) од Штип, излетало надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила сопатничката В.А.(61) од Штип, а со телесни повреди се здобиле уште двајца сопатници М.Б.(47) и Н.Б.(39), двајцата од Штип, констатирани во Клиничката болница Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Штип.
На 07.05.2023 во 15.30 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, А.А.(46) од Скопје пријавил дека на ул.„Ѓорче Петров" бил каснат од куче скитник.

На 07.05.2023 во 13.20 часот во Полициската станица Гази Баба, М.Р.(44) од Скопје пријавила дека на ул.„Лазар Поп Трајков" била касната од куче скитник.

На 07.05.2023 во 16.09 часот во СВР Куманово, Б.Ш. пријавил дека на улица „Благој Илиев Гуне" во Куманово од залутано зрно од огнено оружје било оштетено неговото патничко моторно возило „фолксваген голф". Полициски службеници го подигнале зрното за понатамошна постапка. Се работи на расчистување на случајот.

На 08.05.2023 во 03.11 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Цветан Димов" во Скопје настанал пожар во патничките возила „опел" со скопски регистарски ознаки сопственост на А.С.(41) од Скопје, „фолксваген голф" со фиткарски регистарски ознаки сопственост на О.С.(46) од Гостивар, „пежо" со скопски регистарски ознаки сопственост на А.М.(27) од Скопје и „ауди" со скопски регистарски ознаки сопственост на А.М.(26) од Скопје. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Ј.М.(66) од Струга поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело дело „загрозување на сигурноста". Тој, на 13.04.2023 преку смс пораки упатил кон лице од Струга и неговото семејство.

На 07.05.2023 околу 16.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Буковиќ, скопско, била опожарена дабова шума на приватен имот. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема. Увид бил извршен и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Битола поднесе кривична пријава против М.А.(24)од Битола поради постоење основи на сомнение дека во периодот од септември 2022 година до почетокот на мај оваа година неовластено следел и настојувал да оствари контакт со биголчанка.

На 07.05.2023 во 14.55 часот во СВР Скопје било пријавено дека на паркинг простор на подрачјето на Кисела Вода настанал пожар во патничко возило „опел корса" со скопски регистарски ознаки. Од пожарот делумно било зафатено и товарно моторно возило „опел комбо" со скопски регистарски ознаки сопственост на правно лице. Пожарот бил изгаснат од екипата на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема.. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 07.05.2023 во 16.57 часот во СВР Скопје, Е.Д.(46) од Скопје пријавил дека на Транспортен центар во Скопје, додека ѓел на своето работно место како контролор во ЈСП, бил физички нападнат од Н.Л.(55) и Б.Л.(23), двајцата од с.Студеничани, скопско. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 07.05.2023 околу 17.00 часот во СВР Скопје, М.А.М.(40) од Скопје пријавила дека околу 16.15 часот на ул.„Неготинска" нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од неколку малолетници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.05.2023 во 10.44 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Батинци, скопско, по претходно недоразбирање, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу А.Д.(22) и С.Д.(60), од една страна и Е.М.(22) и П.М.(20), од друга страна, сите од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 07.05.2023 во 19.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Драчево бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу С.Т.(44) и С.Т.(75), двајцата од Скопје, при што С.Т.(75) употребил и електрошок. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 07.05.2023 во 05.30 часот во Полициската станица Гази Баба, М.Н.(33) од Скопје пријавила дека на подрачје на Гази Баба, по претходна расправија, била физички нападната од нејзиниот брачен партнер Б.Н.(37). На 08.05.2023 во 00.00 часот, и Б.Н. од с.Зелениково пријавил дека на 07.05.2023 на подрачје на Гази Баба, по претходна расправија, бил физички нападнат од неговата брачна партнерка М.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.05.2023 во 18.20 часот во СВР Скопје, Б.М.(30) од Скопје пријавил дека пред бензинска пумпа на подрачјето на Гази Баба, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од А.К.(36) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 07.05.2023 во 20.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Визбегово, скопско, по претходно недоразбирање, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу И.Ф.(67) и Ф.Ф.(22), двајцата од с.Радуша, скопско. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 07.05.2023 во 14.45 часот во СВР Скопје, А.В.(21) од Скопје пријавил дека во спортски објект на подрачјето на Кисела Вода бил физички нападнат од И.П.(20) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 07.05.2023 во 20.30 часот во СВР Скопје, А.С.(36) од Скопје пријавила дека околу 19.30 часот во двор од основно училиште на подрачјето на Бутел нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од двајца малолетници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.05.2023год во 22.45 часот во Полициската станица Кисела Вода, И.Д.(20) од Скопје пријавил дека околу 21.00 часот на ул.„Божидар Аџија", поради наводен долг, бил физички нападнат од Н.А., при што му одзел и два мобилни телефони. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.05.2023 во 18.50 часот во СВР Штип било пријавено дека на ул.„Генерал Михајло Апостолски" во Штип, патничко моторно возило „шевролет круз" со скопски регистарски ознаки, управувано од Н.А.(68) од Република Турција, удрил во полициски службеник кој извршувал службени дејствија. Во незгодата полициските службеник се здобил со телесни повреди констатирани во Клиничката болница Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Штип.

На 08.05.2023 во 02.31 часот во Полициската станица Гази Баба било пријавено дека околу 02.20 часот во казино во С.Трубарево, скопско, две лица со закана со пиштол од вработените го одзеле дневниот промет, при што еден од нив испукал еден проектил во таванот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.05.2023 во 17.30 часот, С.П.(19) од Кичево во полициска станица пријавила дека на улицата „Маршал Тито" во Кичево била касната од куче скитник. Истиот ден, 17-годишна малолетничка од Кичево пријавила дека на улицата „1 Мај" во Кичево била касната од куче скитник.